Здружение на
БИЗНИС ЖЕНИ

**Скопје, 12.12.2017г.**

**Оглас за проектен администратор бр. 101/2017**

**Здружението на бизнис жени (ЗБЖ / ABW) има потреба од ангажирање на <u>проектни администратори</u> (една слободна позиција), за работа на проекти во областа на женското претприемништво, со полно работно време за периодот јануари 2018 – декември 2018 година.**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Завршено високо образование
- Најмалку 1 година искуство во работа на проекти во граѓански сектор
- Солидно познавање на аспекти при имплементирањето на проектен циклус
- Основни познавања за претприемништво, како и развиена родова свесност и сензитивност
- Одлично познавање на пишан и говорен англиски јазик
- Одлично познавање на MS Office и работа со компјутери
- Одлично познавање на социјалните медиуми и работа на веб страна
- Одлични вештини во комуникација и работа со рокови
- Способност за работа со луѓе од различно етничко, религиозно и културно потекло;
- Професионална етика и развиено чувство на одговорност, навремено и уредно завршување на задачите, и посветеност кон организациските цели и целите на проектот.

Претходно работно искуство со проекти од ИПА програмата, развој на граѓанското општество или креирање и следење на политики ќе се смета за предност.

Избраните кандидати ќе треба да ги извршуваат следниве задачи:

- Соработка со писмена и усна кореспонденција со различни чинители потребни за реализација на проектните активности
- Реализирање на задачите и активностите за потребите на проектот
- Креирање, ажурирање и соодветно архивирање на целокупната проектна документација, електронски и во печатена форма
- Организација на средби и настани, и активно вклучување во истите
- Редовно известување и информирање за работата пред раководниот тим
- Редовно контактирање и известување за текот на проектната реализација
- Промоција на проектот и проектните цели и активности
- Давање препораки за подобрување на состојбите во областа на проектното делување.

Доколку сте заинтересирани и сакате да го имплементирате вашето знаење, ве молиме вашето CV да го доставите најдоцна до понеделник, 25ти декември 2017 година на info@abw.mk

Напомена: Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат контактирани.